## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 40 став (7) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОЛИЧИНИТЕ НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ПОТРЕБНИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ

### Член 1

Во Правилникот за количините на семенски и саден материјал потребни за испитување ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/07), во членот 2, во табелата А точка 4 во редот „Сирак–метлар" во колоната „Време на достава на семе (месеци)" зборот: „ февруари " се заменува со зборовите: „февруари–јуни ".

Во табелата В во точката 22 „Едногодишни за зелена маса" во колоната „Време на достава семе/месец" по зборот „февруари" се става запирка и се додава зборот: „јуни".

Во точката 23 „Повеќегодишни за зелена маса" во колоната „Време на достава семе/месец" по зборот: „февруари" се става запирка и се додава зборот: „јуни".

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.18-201/2 — Министер за земјоделство,

2 јуни 2015 година — шумарство и водостопанство,

Скопје — м-р Михаил Цветков, с.р.